Т Е З И

## ЗА АКТИВНОСТА НА ДРУШТВОТО НА ПИАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

при Друштвото на

конгрес овој актив
случај, без систем и
ее се одрази на општата
секогаш единствени по
г на нивното делување,
градени на состаноците на
ено на пленумите на
оваа организација.

собир на комунистите

телите - комунисти
узот што се формирани
ото, според одредбите

она положба ги
брска да ја следат и
ува како резултат од
се и понатаму повикани
ье и решавање на таа

какви статутарни пречки.

врзани за дејноста
ед прашањето: дали не
зација при Друштвото

рнативи, Неговото решавање
не зависи само од оцената на основната дејност на писателите - комунисти, туку тоа е и прашање за можностите макар и организационо тие да се одделат од оние организации во кои сега членуваат со оглед на должностите и обврските што произлегуваат од нивните работни места.

Т Е З И

ЗА АКТИВНОСТА НА ДРУШТВОТО НА ПИАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

I.

- По VIII конгрес на СКЈ активот на комунистите при Друштвото на пистелите на Македонија престана да постои.

- Меѓутоа, карактеристично е дека и пред VIII конгрес овој актив се собираше ретко и инцидентно, од случај до случај, без систем и континуитет во работата. Тоа не можеше да не се одрази на општата ситуација во Друштвото. Комунистите не беа секогаш единствени по некои основни прашања од што зависеше успехот на нивното делување, или до колку и имаа заеднички становишта, изградени на состаноците на активот, тие не настапуваа секогаш единствено на пленумите на Друштвото што бездруго негативно влијаеше на оваа организација.

- По VIII конгрес на СКЈ не е одржан ниеден собир на комунистите иако за тоа не еднаш постоела потреба.
  Ова обично се објаснува со фактот дека писателите - комунисти членуваат во оние основни организации на Сојузот што се формирани на нивните работни места и што е при Друштвото, според одредбите на статутот на Сојузот укинат активот.
  Но се поставува прашање дали оваа организациона положба ги ослободува комунистите од одговорност и обврска да ја следат и оценуваат идејната проблематика што се јавува како резултат од дејноста на нивното Друштво и дали тие не се и понатаму повикани самоиницијативно да се собираат за согледување и решавање на таа проблематика.
  Нема сомнение дека за тоа не постојат никакви статутарни пречки.

- Во крајна линија, сумирајќи ги проблемите врзани за дејноста написателите-комунисти, се исправаме пак пред прашањето: дали не е поцелисходно да се формира основна организација при Друштвото на писателите.
  Одговорто на ова прашање содржи повеќе алтернативи, Неговото решавање не зависи само од оцената на основната дејност на писателите - комунисти, туку тоа е и прашање за можностите макар и организационо тие да се одделат од оние организации во кои сега членуваат со оглед на должностите и обврските што произлегуваат од нивните работни места.

II.

- Друштвото на пистелите на Македонија има неколку постојани облици низ кои се одвива неговата активност: собранија, литературни читања, предавања и разговори со љубителите на литературата итн., а во последните неколку години Струшките вечери напоезијата станаа еден од најзначајните видови на таа активност.
- Може да се рече дека повеќето од овие облици се стандардни, недоволно интересни, неприлагодени на современите потреби, непогодни со својата инертност да пробудат пожив и поголем интерес.
- Карактеристична и за ова Друштво е затвореноста во својот професионален, сталешки интерес. Оваа професионална затвореност му пречи на Друштвото да развие поширока, поцелосна и посодржајна општествена и културна активност.
- За оваа положба немал удел имаат и нерешените статутарни прашања на Сојузот на писателите на Југославија.
  Статутарните норми на оваа организација веќе одамна се застарени, изживеани, надраснати од животот и практиката. Тие не можат да ги регулираат сегашните развиени односи.
  Од решавањето на овие прашања немалу ќе зависи и зголемувањето на општествената улога како на Сојузот на пиателите, така и на нашето Друштво.
- Посебен проблем претставува потребата од понатамошно развивање на демократичноста во работата на Друштвото. Веќе се покажува како недостатно и недоволно членовите на Друштвото да решаваат за својата дејност главно на годишните собранија или на некои од ретките пленарни состаноци, а управите да ја водат не само тековната работа туку и да заземаат став за оние прашања што ја претставуваат политик та на Друштвото во целост.
  Со понатамошно развивање на демократичноста ќе се избегнат некои досегашни едностраности како во градењето на критериумите што се применуваат при составувањето на на делегации кои го презентираат Сојузот во странство, така и во презентирањето на нашата литература во земјата и надвор од неа, а освен тоа ќе се создаде попогодна атмосфера за зголемена заедничка активност на Друштвото.

III.

- Струшките вечери станаа една поетска традиција за која се повеќе расте интересот како во нашата земја, така и во странство.

Почнувајќи со скромна амбиција да му се оддолжат како поетска манифестација на делото на Браќата Миладиновци , тие оваа година поминаа во знак на интернационална поетска средба со намера современата македонска поезија да се афирмира и на меѓународен план. Тргнувајќи од досегашните искуства на Струшките вечери, можеме да го констатираме следното:

1) Одговорноста за основната замисла, организација и манифестација треба да ја превземе Фестивалскиот одбор, чиј избор , состав и делување би се регулирале со посебен правилник.
Се разбира, ова не значи дека Друштвото и понатаму не треба да биде заинтересирано за на и да дава сугестии, предлози и идеи за нејзиното унапредување.

2) Потребно е да се изградат јасни критериуми за учество на поетите, првенствено од нашето подрачје, а потоа од другите републики и странство.
Досегашната практика покажува дека низа забелешки, критики и незадоволства од Струшките вечери произлегуваат токму од ова нерешено прашање. Во Струга доаѓаат, односно се покануваат сите поети од Македонија, меѓутоа, само дел од нив настапува н поетските приредби.

3) Организацијата на сите досегашни Струшки вечери била повеќе или помалку лоша. Програмите често се дополнувани или менувани во тек на фестивалот, а учесниците не се консултирани и информирани навремено.

4) Фестивалските одбори практично не се собираат во целост. Тоа се правда со недостиг на финансиски средства. Сета припрема ја вршат неколку членови, а првенствено претседателите.

5) Потребно е да се расчисти дали се Струшките вечери фестивал на македонската поезија на кој учествуваат гости од другите републики и странство, или и во иднина, како што тоа беше случај оваа година ќе се инсистира на нивниот меѓународен карактер.
Доколку се одржуваат како меѓународна поетска средба, не претпоставува ли тоа и еден меѓународен орган кој ќе биде надлеже да ги организира и да ја одредува нивната физиономија? Зар за афирмацијата на македонската поезија не е покорисно да се настапува со поскромни амбиции, но затоа многу посмислено и поорганизирано?

6) Како по правило секоја година, а особено оваа, на Струшките вечери имаше повеќе немили инциденти што го нарушуваат угледот и на поетите и на нашата поезија.

Овие инциденти немаат само приватем карактер.
Тие се и резултат на една поопшта состојба и амосфера како во Друштвото така и на Струшките вечери.

7) Посебно внимание заслужува инцидентот со бигарскиот поет Г. Цагаров. Не е за изненадување неговото нееднаш пројавено провокативно држање. Повеќе изненадуваат наседнувањата на неговоте провокации, што е веројатно и негова цел. Недостоинственото прифаќање на овој навредлив, тенденциозен "дијалог" за проблемите на нашата национална култура, вместо негово отфрлање и игнорирање, не може ништо принципиелно да разјасни и расчисти, туку само ќе ги изложи тие што го прифаќаат.

8) На крајот, треба да се размисли дали е Струга, со оглед на нејзините можности, најпогодно место за одржување на овој фестивал.